## Дали да се инсталира софтверот на Linux или да се купи лиценциран Windows?

Природна околина за софтверот за капитација Ка-софт плус е windows оперативниот систем. Најевтината Windows лиценца на која може да работи Ка-софт плус е Windows 7 starter. Цената за една ваква OEM лиценца (лиценца само за нов компјутер) може да се набави од кај нас за 2300 денари+5% ДДВ.
Оваа цена се плаќа само еднаш а НЕ секоја година.

Софтверот за капитација Ка-софт плус може да се портира да работи и на Linux оперативниот систем. Меѓутоа, ако се земе во предвид:

- за потребите на електронската здравствена картичка е потребен Windows
- треба да се учи нов, Linux оперативен систем
- проблеми може да настанат при инсталација на принтер поради несоодветени драјвери
- почетни проблеми при имплементација на Linux оперативниот систем
- проблеми при надградба на софтверот

ќе се заклучи дека миграцијата кон Linux за постоечкиот софтвер е неисплатлива и вкупната цена на чинење за имплементација на Linux ќе биде повисока од цената на чинење на наведените Windows starter лиценци.

Со оглед на овие факти наша препорака е да се остане на Windows оперативниот систем со тоа што може да се користи и најевтината верзија Starter со цена од околу 35 евра. Неоправдана и неисплатлива е миграцијата кон Linux за да се заштедат 35 евра, бидејќи постапката околу имплементација на Linux, земајќи ги во предвид сите проблеми кои може да се појават, ќе биде повисока од 35 евра.